ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**ОКТА најголемиот снабдувач на горива во земјата, објавува конкурс за ПЛАТЕНА практикантска работа во сектор Услуга на клиенти во соработка со Економски факултет**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има високо познавање на англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на компјутерски вештини - Microsoft Office, најмногу Microsoft Excel.

Времетраење на пракса:

Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во сектор Услуга на клиенти, во временски период од 3 месеци, со можност за продолжување, со полно работно време. **Праксата ќе започне на 05.08.2026 година**.

Обврска на компанијата:

- да му обезбеди ментор на практикантот.
- да му обезбеди храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата.
- да му издаде потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број.

Цели на праксата

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под директно менторство на менаџерот на сектор Услуга на клиенти, истовремено асистирајќи во повеќе сфери на работа.
- Услуга на клиенти е сектор под дирекција Комерција и опфаќа дел од следниве активности – Отворање на налози за утовар, проверка на финансиските состојби на купувачите и дневни уплати, подготовка на документи за извоз и реекспорт, подготовка на листа за конвој за автоцистерните наменети за извоз, подготовка на испратници и изјави за сообразност за директна испорака и за реекспорт

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт **okta_career@helpe.gr.** При доставување на пријавата кандидатите да наведат за кој сектор аплицираат за пракса – сектор Услуга на клиенти.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.

**Огласот е отворен најдоцна до 04.08.2026 год.**